СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-12/2023
Дата. 11-08- 2023

**До**: Информативен центар

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Во врска со претставката доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање заведена под архивски број УПП-12/2023 на ден 27.06.2023 година од страна на група анонимни граѓани/посетители на локалитетот „Камени кукли“, Општина Кратово на ден 27.06.2023 година, во врска со Известување за крајно напуштената состојба во која се наоѓа локалитетот, како и самиот пат до локалитетот, Ве замолуваме да го објавите исходот од постапување по претставката од страна на Секторот за правни и општи работи на веб страната на МЖСПП со цел јавноста да има увид во истото.

Со почит,

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

**Изработил:** Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-12/2023

Дата. 11-08-2023

**Предмет:** Одговор на претставка со арх.бр. УПП-12/2023 доставена од страна на група анонимни граѓани/посетители на локалитетот „Камени кукли", Општина Кратово на ден 27.06.2023 година.

Претставка заведена под архивски број УПП-12/2023 доставена од страна на група анонимни граѓани/посетители на локалитетот „Камени кукли", Општина Кратово на ден 27.06.2023 година, во врска со Известување за крајно напуштената состојба во која се наоѓа локалитетот, како и самиот пат до локалитетот.
Министерството за животна средина и просторно планирање ја проследи претставката по службена должност до Општина Кратово со Барање на мислење како првенствено надлежен орган на државна управа (локална самоуправа) на ден 04.07.2023 до Општина Кратово – Одделение за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина и ЛЕР и до Музеј на Град Кратово.

**Градоначалнкиот на Општина Кратово, г-ин Тодорче Николовски се произнесе по основ на постапување на предметната претставка под арх.бр.УПП-12/2023 година на ден 31.07.2023 година со следниот одговор:**

- Општина Кратово континуирано во рамки на своите можности и расположливи капацитети заедно со вработените од ЈП „Кратово" спроведува акции во насока на одржување на локалитетот како косење трева, кастрење на гранки и вегетација на пристапниот пат и околу локалитетот „Камени кукли" во с. Куклица;
- при спроведување на овие активности во неколку наврати, Општината се соочувала со проблеми и реакции, пријави и барање за надомест на штета за исечени гранки и слично од страна на сопствениците на парцелите низ кои поминува пристапниот пат и приватните парцели каде се простира самиот локалитет и
- во насока на претходнообразложеното, од страна на Јавното комунално претпријатие „Кратово" е спроведена акција за чистење од вегетација и кастерење на гранки на локалниот пат кој води до локалитетот „Камени кукли" на ден 04.07.2023 година, а наредниот ден е расчистуван самиот локалитет со косење на тревна вегетација, плевел-грмушки, чистење и собирање на отпадоци.

**По овластување на Министер**

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

**Изработил:** Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk